Здружение на граѓани СОС ДЕТСКО СЕЛО
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-29
27/01/2021 год.
Скопје

20

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: / E pranuar: 01 -02- 2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia Org. | Број / Number | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 09 - 20/1 | | | |

# Влада на Република Северна Македонија

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

**СОС ДЕТСКО СЕЛО – СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ**

(Име на здружението/ фондацијата)

## ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

Поддршка на маргинализирани семејства во време на Ковид-19

(Име на проектот)

Скопје, 28. 01. 2021 година

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на Договор за обезбедување финансиска поддршка | 25-42/1 од 19.06.2021год. |
| Име на здружението/фондацијата корисник | СОС ДЕТСКО СЕЛО - СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ |
| Наслов на проектот | Поддршка на маргинализирани семејства во време на Ковид 19 |
| Период на спроведување на проектот | од 01.07.2020 година до 31.12.2021 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Јулијана Накова - Гапо |
| Проектен менаџер | Маја Смилевска |
| Телефон и е-пошта за контакт | +389 (0)70 260 957 \| maja.smilevska@sos.org.mk |
| Цел на проектот | Подобрување на основни животни услови на маргинализирани семејства во време на Ковид-19 криза;<br><br>1.Обезбедување на маргинализирани семејства со прехранбени продукти и средства за хигиена и заштита од Ковид-19;<br>2. Информирање на маргинализираните семејства за начин на заштита од Ковид-19;<br>3. Информирање и упатување на маргинализираните семејства кон мерките на социјална заштита поврзани со Ковид-19; |
| Целна група | 50 социјално и економски маргинализирани семејства во ризик на територија на Град Скопје |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Локално, територија на град Скопје |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 739 440 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 726 828 ден. |

## 2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Проектот „Поддршка на маргинализирани семејства во време на Ковид-19" се реализираше во периодот од 01 јули 2020 до 31 декември 2020. Целта на проектот: **Подобрување на основни животни услови на маргинализирани семејства во време на Ковид-19 криза**, беше постигната преку следниве под цели:

1.Обезбедување на маргинализирани семејства со прехранбени продукти и средства за хигиена и заштита од Ковид-19;

2. Информирање на маргинализираните семејства за начин на заштита од Ковид-19;

3. Информирање и упатување на маргинализираните семејства кон мерките на социјална заштита поврзани со Ковид-19;

За чија реализација беа преземени следните активности:

1. Дистрибуција на хуманитарни пакети;
2. Изработка и дистрибуција на информативни брошури за заштита од Ковид-19;
3. Средби за информирање, советување и упатување кон мерките за социјална заштита поврзани со Ковид-19;

Од спроведување на овие активности беа постигнати следните резултати:

1. 73 маргинализирани семејства се обезбедени со прехранбени продукти и средства за хигиена и заштита во период од 6 месеци; (доставени се два пакети по семејство во период од два месеци)
2. 73 маргинализирани семејства се информирани за начин на заштита од Ковид-19; (Кај овие два постигнати резултати, почетно планираната бројка, таргет од 50 маргинализирани семејства е надмината за 23 дополнителни семејства).
3. 59 маргинализирани семејства се информирани и упатени кон социјалните мерки и мерките поврзани со Ковид-19;

Резултатот покажува зголемување на почетно планираната бројка од 50 маргинализирани семејства за 9 дополнителни семејства.
Надминување на почетно планираните резултати и обезбедување поддршка за поголем број маргинализирани семејства беше овозможено со добро планирање на расположливите човечки и финансиски ресурси. Имено, поголемиот број на хуманитарни пакети беше обезбеден како резултат на набавка на продуктите по пониска цена од почетно планираната. Со дел од ослободените дополнителни финансии во ставката директни трошоци, се дополни набавката за плус 23 хуманитарни пакети, а дел од средствата од ставката директни трошоци беше реалоцирани во оперативни трошоци, набавка на потрошни материјали и за дизајн и печатење на поголем број тираж на информативната брошура. Наместо првично планираниот тираж од 80 брошури, беа отпечатени вкупно 230 од кои 75 на албански и 155 македонски јазик. Поголемиот тираж на брошурата како информативен материјал, обезбеди поголем број на семејства да се информираа како да се заштитат од Ковид-19. Покрај тоа што беше дистрибуирана до семејствата кои беа поддржани со хуманитарен пакет, брошурата беше исто така дистрибуирана и до СОС центрите за поддршка на семејства во ризик во Гази Баба и Шуто Оризари, каде секојдневно работиме со маргинализирани семејства.

При реализација на активностите, СОС Детско село соработуваше со Центарот за социјална работа на град Скопје, кои беа првите консултирани за препраќање на маргинализирани семејства кои имаат најголема потреба од поддршка за справување со кризата од Ковид-19. Понатаму за обезбедување на контакт со други маргинализирани семејства, беа користени и внатрешните ресурси и добра поставеност на СОС Детско село во заедниците каде работат со маргинализирани семејства.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**
Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| **1. Дистрибуција на хуманитарни пакети;** | **Со цел остварување на оваа активност беа преземени следните чекори:**<br><br>1.1 Тимот на проектот ја дефинираше содржина на хуманитарен пакет, со што се изработи спецификација на содржината на пакетот со вид и количина на прехранбени продукти и средства за заштита од Ковид 19 и | Во текот на месец јули; | **Како резултат на проектните активности постигнати се следните резултати поврзани со дистрибуција на хуманитарните пакети:** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | лична хигиена;<br><br>1.2 Се спроведе постапка за избор на најповолен понудувач на продукти за хуманитарен пакет. За оваа цел, беа побарани понуди од пет потенцијални добавувачи: ЗУР Маркет, КАМ Маркет, Тинекс, Рамстор и Рептил. Поради пристигање на само една понуда, постапката беше поништена. Комисијата за набавки одлучи постапката да ја повтори кон крајот на месец август, после летните одмори, кога повеќето добавувачи ќе бидат со поголеми расположливи капацитети за работа;<br><br>1.3 Во текот на месец септември, се повтори постапката за избор на најповолен понудувач на продукти за хуманитарен пакет. На повторената постапка од пет испратени барања, добиени се две понуди од Тинекс и Рептил. Понудата на Тинекс пристигна после рок и без печат. Со тоа, понудата на Рептил е избрана како најповолна понуда на повторената постапка.<br><br>1.4 Во текот на месец септември беше спроведена постапка за набавка на заштитни маски. Беше испратено барање до три добавувачи: Офис Плус, Визард Системи и Сан Пап ДОО. Беа добиени две понуди, од кои беше избрана понудата на Визард Системи, како најевтината понуда со ист квалитет на заштитни маски;<br><br>1.5 За формирање на проектниот тим во текот на јули беше објавен оглас и се спроведе процесот на селекција на двајца волонтери. Исто така, се објави конкурс и се спроведе процес за селекција на консултант во областа на социјална заштита;<br><br>1.6 Во текот на месец август и септември беа одржани состаноци за координација со волонтерите и консултантот кога беа утврдени и протоколите за работа во услови на Ковид -19;<br><br>1.7 Во текот на месец август и септември, тимот на СОС беше во комуникација со Центарот за социјална работа на Град Скопје од кои беше побарана асистенција за идентификување на маргинализирани | 29ти јули до 7ми август;<br><br>Септември;<br><br>Септември;<br><br>Објава на огласи во јули;<br><br>Процес на селекција во август;<br><br>Потпишани | - Дефинирана спецификација на содржина на хуманитарен проект;<br><br>- Избран најповолен понудувач за продукти од хуманитарниот пакет;<br><br>- Селектирани и ангажирани двајца волонтери;<br><br>- Селектиран и ангажиран консултант за социјална работа;<br><br>- Набавка на прехранбени продукти и средства за лична хигиена;<br><br>- Набавка на заштитни маски;<br><br>- Воспоставена соработка со Центарот за социјална работа на Град Скопје;<br><br>- Добиен список со реферирани маргинализирани семејства од Центарот за социјална работа;<br><br>- Дефиниран список на дополнителен број маргинализирани семејства со потреба од поддршка со хуманитарен пакет;<br><br>- Уредени протоколи за работа на терен за заштита од Ковид-19;<br><br>- Лоцирање на дел од маргинализираните семејствата во општини: Аеродром, Центар, Драчево и Кисела Вода;<br><br>**- 73 маргинализирани семејства на територија на град Скопје добија по два** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | семејства на територија на Град Скопје. Од центрите за социјална работа беше изработен список со потенцијални корисници за хуманитарни пакети. Во процес е лоцирање на реферираните маргинализирани семејства на терен;<br><br>1.8 Дополнително истражување за идентификување на маргинализирани семејства со потреба од хуманитарен пакет во општините Гази Баба и Шуто Оризари;<br><br>1.9 Во текот на месец септември, волонтерите работеа на терен со цел лоцирање на маргинализираните семејства чии контакти беа добиени од центрите за социјална работа;<br><br>1.10 Во текот на цел месец октомври волонтерите продолжија со лоцирање и контакт со маргинализираните семејства на терен. Семејствата беа информирани за можноста да добијат хуманитарен пакет и беа обезбедени контакти за достава на пакетот.<br><br>Со цел зголемување на бројот на достапни маргинализирани семејства на кои им е потребна хуманитарна помош, првичниот список со контакти добиен од ЦСР на град Скопје, беше дополнет со нови локации на маргинализирани семејства добиени од подрачното одделение на Центарот за социјална работа Гази Баба како и преку центрите за зајакнување на семејствата на СОС Детско Село во Гази Баба и Шуто Оризари;<br><br>1.11 Како дел од подготовките за дистрибуција на хуманитарните пакети, беа изработени изјави за корисниците на пакетите: изјава за дозвола за користење на лични податоци и изјава за примање на пакет со спецификација;<br><br>1.12 На 3ти ноември беа доставени продуктите и кутиите за пакување на хуманитарните пакети. Волонтерите ги пакуваа пакетите и изработуваа план за достава.<br><br>1.13 Во текот на првата недела од ноември волонтерите започнаа со дистрибуцијата на хуманитарните пакети до маргинализираните | договори во септември;<br><br>Координација со Центарот за социјални работи и поднесено барање за асистенција во текот на август;<br><br>Добиен список во текот на септември;<br><br>Септември и октомври лоцирање на маргинализирани семејства на терен;<br><br>Октомври;<br><br>Ноември пакување и дистрибуција на | **хуманитарни пакети со прехранбени продукти и средства за хигиена и заштита од Ковид-19;** |


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | семејства. По два пакети беа дистрибуирани до 52 маргинализирани семејства во текот на месец ноември и декември;<br><br>1.14 Во текот на декември беше нарачана втората транша хуманитарни пакети и обезбедени пакети за дополнителни 21 маргинализирани семејства; | пакети;<br><br>Декември дистрибуција на пакети; | |
| **2. Дистрибуција на информативни брошури за заштита од Ковид-19;** | 2.1 Во текот на месец септември се изработи текстот за информативната брошура за заштита од Ковид – 19 – „Ајде да ги заштитиме своите семејства и заедници од коронавирусот;<br><br>2.2 Дизајн на брошура, одобрен за печатење;<br><br>2.3 Лектура на текст за брошура;<br><br>2.4 Печатење на брошура и дистрибуција со хуманитарните пакети;<br><br>2.5 Превод и лектура на брошура на албански јазик;<br><br>2.6 Печатење и дистрибуција на брошура до СОС центрите за зајакнување на семејствата во Шуто Оризари и Гази Баба; | Септември<br><br>Октомври<br><br>Ноември<br><br>Декември | - Изработена брошура за заштита од Ковид-19, на македонски и албански јазик и дистрибуирана до 72 маргинализирани семејства и до СОС центрите за зајакнување на семејствата во општините Шуто Оризари и Гази Баба;<br><br>**- 73 маргинализирани семејства од територија на град Скопје беа информирани за начин на заштита од Ковид-19;** |
| **3. Средби за информирање, советување и упатување кон мерките за социјална заштита поврзани со Ковид-19;** | 3.1 Во текот на септември, консултантката работеше на подготовка на анализа на мерките за социјална заштита подобни за маргинализираните семејства;<br><br>3.2 Анализата ќе се користи за потребите на средбите со маргинализираните семејства за нивно информирање и упатување кон користење на мерките за социјална заштита поврзани со Ковид-19;<br><br>3.3 Посета на маргинализираните семејства кои добија хуманитарен пакет, разговор и советување за користење на мерки за социјална заштита поврзани со Ковид-19; | Септември<br><br>Ноември и декември; | - Изработена анализа на достапни мерки на социјална заштита и услови за нивно користење;<br><br>**- 59 маргинализирани семејства беа советувани од социјален работник и добија насоки за користење на мерките за социјална заштита и мерките поврзани со Ковид-19;** |
| | | | |

## 4. Проблеми во спроведување на проектот (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Во текот на спроведувањето на проектот ги идентификувавме следните предизвици:

- Во текот на првите месеци од реализација, јули-август се соочивме со намалени човечки капацитети кај добавувачите поради користење на годишни одмори и редуцирана работната сили поради Ковид-19; Ова беше причина за повторување на набавката на продукти за хуманитарни пакети, бидејќи на првиот повик имавме понуда само од еден добавувач;

- Слаб интерес за волонтери за работа со маргинализирани семејства во време на Ковид-19, поради ова барањето на волонтери со соодветен профил одзема повеќе време од првично планираното;

- Во текот на месец август комуникацијата со Центарот за социјална работа беше отежната, бараниот список за реферирање на маргинализирани семејства го добивме со задоцнување од еден месец. Ова влијаеше на планираните активности за месец септември да се поместат за крајот од месецот, кога нашите волонтери излегоа на терен за лоцирање на семејствата. Исто така, дел од посочените семејства од Центарот за социјални работи не можат да се лоцираат на терен, дел нив тековно не живеат на посочените адресите кои ги добивме од Центарот. Поради ова го проширивме списокот на лоцирање на маргинализирани семејства во потреба од хуманитарна помош преку информации обезбедени директно од Подрачно одделение на Центарот за социјална работа Гази Баба и преку нашите центри за зајакнување на семејствата во општините Шуто Оризари и Гази Баба;

- Имавме тешкотија во селектирањето на семејства во ризик за да дојдеме до оние на кои им е најпотребна оваа поддршка во дадениот момент а при тоа да не загрозиме добиено право од социјална заштита. ;

- Дел од маргинализираните семејства искажуваа револт кон, според нив, недоволната заинтересираноста на институциите и не беа соработливи и приемчиви за разговор со социјалниот работник; Дел од семејствата бараа асистенција при читање и потпишување на изјавите; При некои посети на семејствата бевме сведоци на нарушени односи или здравје на корисниците што влијаеше на спремноста да ја прифатат нашата поддршка; Некои семејства инсистираа да се вклучиме во решавање на други проблеми кои не се дел од целта на овој проект, во овие ситуации семејствата беа советувани и упатувани кон соодветните мерки на за социјална заштита релевантни за решавање на нивните проблеми;

- Исто така, за време на имплементацијата на проектот, дел од тимот беше во 20 дневна или 10 дневна изолација поради заболување или сомнеж од Ковид-19, што го отежна планирањето и на моменти побаруваше реорганизација и поддршка од останатите колеги од СОС Детско село;

## 5. Видливост и јавност (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| Подготвена брошура за заштита од Ковид-19 на македонски и албански јазик;<br><br>Дистрибуција до маргинализирани 73 семејства и во СОС центрите за зајакнување на семејствата во Шуто Оризари и Гази Баба; | | 155 македонски<br>75 албански | |
| | | | |

## 6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот

Благодарение на проектот СОС Детско село доби подобар увид и дополнителни информации за ситуацијата на маргинализираните семејства и нивните потреби. Покрај постигнатите квантитативни резултати (број на посетени семејства), сметаме дека е особено важно да нагласиме дека секое семејство имаше придобивка да обезбеди контакт и разговор за своите потреби со членовите на нашиот тим, а особено социјалниот работник. Во овие директни контакти со семејства, имавме прилика да изградиме релации со нови семејства да добиеме директен увид во нивната состојба и потреби, што секако ќе биде земено предвид при испорачувањето на нашите идни услуги, земајќи ги предвид овие семејства како идни корисници на услугите на СОС Детско село. На овој начин, овие маргинализирани семејства ќе имаат можност да станат корисници на нашата идна поддршка, а со тоа придонесуваме кон одржливост на резултатите од проектот, поддршка на маргинализираните семејства.

## 7. Резиме на Финансискиот извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според Договорот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| I. Човечки ресурси | 161.200,00 | 161.064,00 | |
| II. Оперативни трошоци | 45.150,00 | 58.308,00 | |
| III. Директни трошоци | 533.090,00 | 507.456,00 | |
| Вкупни трошоци (I+II+III) | 739.440,00 | 726.828,00 | Разликата од 12.612,00денари е префрлена на сметката на Влада на 31.12.2020 |

## 8. Документација
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

- Список на лица приматели на хуманитарните пакети
- Фотографии
- Информативна брошура македонска и албанска верзија
- Документација за трошоци

Согласно член 10 став 3 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

Скопје , 27 . 01 . 2021год. Јулијана Накова Гаце-Националеа Директор

(Место) (датум) (име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

М.П. Здружение на граѓани СОС Детско село Северна Македонија Скопје

(Потпис)


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

| | ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на здружението | СОС ДЕТСКО СЕЛО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | | | |
| Наслов на проектот | Поддршка на маргинализирани семејства во време на Ковид 19; | | | |
| Доделена финансиска поддршка | 739440 | | | |
| Кофинансирање (ако е предвидено) | | | | |
| Вкупен буџет на проектот | 739440 | | | |
| во денари | Одобрено | Реализирано | | |
| Буџетска линија | Вкупно | Реализирано | Остаток | Остаток (%) |
| I ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ | | | | |
| Плати и надоместоци | | | | |
| Волонтери (4 месеци x 2 волонтера) | 51200 | 51,064 | 136 | 0% |
| Социјален работник | 110000 | 110,000 | 0 | 0% |
| **Вкупно за I** | **161,200** | **161,064** | **136** | **0.08** |
| II ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ | | | | |
| Канцелариски трошоци | 6,750 | 8,802 | -2,052 | -30% |
| Дизајн на информативна брошура | 18,000 | 18,652 | -652 | -4% |
| Печатење на информативна брошура | 4,800 | 24,497 | -19,697 | -410% |
| Превод и лектура на албански јазик | 8,400 | 3,000 | 5,400 | 64% |
| Телефон | 7,200 | 3,357 | 3,843 | 53% |
| **Вкупно за II** | **45,150** | **58,308** | **-13,158** | **-29%** |
| III ДИРЕКТНИ ТРОШОЦИ | | | | |
| Активност 1.1. Набавка на хуманитарни пакети | 500,000 | 485,689 | 14,311 | 3% |
| Активност 1.2. Пакување на пакети | 15,000 | 4,301 | 10,699 | 71% |
| Активност 1.3. Дистрибуција на пакети (бензин) | 3,090 | 2,500 | 590 | 19% |
| Активност 1.4. Средба со семејствата корисници за советување и упатување кон | 15,000 | 14,966 | 34 | 0% |
| **Вкупно за III** | **533,090** | **507,456** | **25,634** | **5%** |
| **ВКУПНО I + II + III** | **739,440** | **726,828** | **12,612** | **2%** |

Во табелата треба да се наведат реализираните трошоци за времетраење на проектот. Наведените трошоци треба да бидат конзистентни со оригиналните фактури и/или останати финансиски документи врз основа на кои е направен трошокот. Корисникот треба да ги чува оригиналните финансиски документи, како што е наведено во Договорот за обезбедување на финансиска поддршка. За потребите на известување или ревизија, Генералниот секретаријат може да ја побара на увид целокупната придружна документација.